АФПЗРР
www.ipardpa.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

# Исплатени двајца корисници на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013)

По успешната реализација на одобрените инвестиции, двајца корисници кои потпишаа Договор со Агенцијата за користење на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013), добија средства од ЕУ фондовите за рурален развој.




Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 446,367 денари на корисникот Нада Насковска од Вардарскиот регион за обновување на постоечки овошни насади. Од вкупно исплатените средства 334,775 денари се средства од буџетот на ЕУ и 111,592 денари се национален дел.

На корисникот Мирче Јакимовски од Вардарскиот регион исплатени се средства во износ од 407,788 денари од кои 305,841 денари се средства од буџетот на ЕУ и 101,947 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки лозови насади.